Македонски Телеком
АД за електронски комуникации - Скопје
Број 01-36533/1
Датум

До: Комисија за хартии од вредност на РМ
Ул . Димитрија Чуповски бр 26 1000 Скопје

Датум: 14.08.2009

Предмет: Полугодишни извештаи за 2009 година

Почитувани,

Согласно членот 164 од Законот за хартии од вредност во прилог Ви ја доставуваме изјавата за вистинитост на полугодишните извештаи за 2009 година кои содржат:

1. Општи податоци за Друштвото
2. Правен статус на Друштвото
3. Податоци за капиталот и промени во капиталот на Друштвото
4. Финансиски податоци и финансиска состојба на Друштвото
5. Консолидирани неревидирани финансиски извештаи за периодот од 01.01.2009 до 30.06.2009 подготвени според Меѓународните стандарди за финансиско известување,
6. Образложение за работењето.

Полугодишните извештаи според подзаконската регулатива се доставени во електронска форма на веб страницата на Комисијата за хартии од вредност преку соодветниот модул.

Воедно полугодишните извештаи ги испраќаме и во оригинална печатена форма и согласно претходната комуникација Ве информираме за следново:

1. Би требало да се изврши корекција односно усогласување на фиксираните ставки во електронскиот модул во делот на Општите податоци за Друштвото и Правниот статус на Друштвото според оригиналната печатена верзија во прилог;
2. Во Извештајот за промени во капиталот последната состојба наместо за 31$^{ви}$ декември во тековната година треба да се однесува на 30$^{ти}$ јуни во тековната година;
3. Во Билансот на успех и Анализата на оперативната добивка согласно усните инструкции од КХВ делот кој се однесува само за второто тримесечје не е пополнет.

Со почит,

Жарко Луковски
Претседател на Одбор на директори

Николај Бекерс
Главен извршен директор

Македонски Телеком АД за електронски комуникации - Скопје

13-08-2009

Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

Македонски Телеком АД - Скопје
Орце Николов бб, 1000 Скопје

**До:** Комисија за хартии од вредност на РМ
**Датум:** 14 август 2009 година
**Предмет:** Полугодишен извештај за периодот 01.01.2009 - 30.06.2009 година

## 1. Општи податоци

| | |
|---|---|
| Назив | Македонски Телеком, Акционерско друштво за електронски комуникации - Скопје |
| Седиште и адреса | Орце Николов бб, 1000, Скопје, Република Македонија |
| Телефон и факс | Тел: +389 2 3100 200 / Факс: +389 2 3100 300 |
| Адреса на електронската пошта | kontakt@telekom.mk |
| Адреса на интернет страницата | www.telekom.mk |

## 2. Правен статус

| | |
|---|---|
| Матичен број | 5168660 |
| Шифра на дејноста | 61.10 |
| Опис на дејноста | Дејности на жичани телекомуникации |
| Број на решение од Централниот Регистар | 08-03/3843/1 од 11.05.2006 |
| Датум на основање | - Основен суд Скопје 29.01.2001 година -АД Македонски Телекомуникации Скопје во државна сопственост се трансформира во АД за телекомуникации Македонски телекомуникации- Скопје,<br>- На 11.05.2006 година е извршено и регистрирање во Централен регистар на РМ согласно законските прописи. |
| Статусни промени | - 29.01.2001 (Приватизација и промена на фирма од Акционерско друштво за телекомуникации Македонски телекомуникации во државна сопственост Скопје во Акционерско друштво за телекомуникации Македонски телекомуникации - Скопје),<br>- 05.03.1998 ( Преобразба на Јавно претпријатие за телекомуникации Македонски Телекомуникации Ц.О.Скопје во Акционерско друштво за телекомуникации Македонски телекомуникации во државна сопственост Скопје),<br>- 12.08.1997 ( Основање - организирање на Јавно претпријатие за телекомуникации Македонски Телекомуникации Ц.О.Скопје). |
| Број на подружници, филијали | - Т- Мобиле Македонија како посебно правно лице во 100% сопственост на Македонски Телеком АД Скопје (МКТ),<br>- 29 подружници/ Продажни места на МКТ што не се во својство на посебни правни субјекти. Истите се регистрирани како подружници во согласност со Законот за трговски друштва согласно со кој секој субјект што извршува дејност на МКТ на друга локација освен во седиштето на дирекцијата на МКТ е регистриран како подружница. |
| Број на вработени на крајот на полугодието (30.06.2009) | 1.307 |
| Систем на управување | Едностепен |
| Име и презиме на прокуристот | Николај Бекерс |



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов бб, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

## 3. Податоци за капиталот и промени во капиталот

| | |
|---|---|
| Вкупен износ на основната главнина во денари | 9.583.887.733,00 |
| Број на издадени акции | |
| - обични акции | 95.838.780 |
| - приоритетни акции (Златна акција) | 1 |
| Номинална вредност на обична акција | 100,00 денари |
| Номинална вредност на приоритетна акција | 9.733,00 денари |
| Емисија на акции | Во периодот на известување не е извршена емисија на акции на Македонски Телеком АД - Скопје. |
| Број и процент на сопствени акции во основната главнина на крајот на периодот (процент заокружен на две децимали) | 9.583.878 сопствени акции (10,00% од вкупниот број на издадени обични акции на Македонски Телеком АД Скопје). |
| Податоци за стекнување на сопствени акции | |
| - датум и начин на стекнување | На владината аукција/ редовно тргување што се одржа од 5 до 9 јуни 2006 година, Друштвото откупи 10,00% од владините акции во Македонски Телеком АД Скопје. |
| - правен основ за стекнување | Сопствените акции се откупени во согласност со Одлуката на Собранието на акционери на Друштвото бр. 021-98576/1. |
| - количина | 9.583.878 |
| - поединечна цена | Од вкупно 9.583.878 откупени сопствени акции, 9.488.040 акции се откупени по цена од 389 денари, а 95.838 акции се откупени по цена од 390 денари. |
| Поделба на акции | Во периодот на известување не е извршена поделба на акции на Македонски Телеком АД Скопје. |
| Број на акционери на крајот на периодот (30.06.2009) | 4.269 |
| Меѓународен идентификациски број на обични акции издадени од Друштвото – ИСИН број | MKMTSK101019 |
| Меѓународен идентификациски број на приоритетните акции издадени од Друштвото – ИСИН број | MKMTSK121017 |
| Сметка/и (трансакциона/и) на Друштвото и назив на институцијата која ја води | 200000090141316, Стопанска банка АД - Скопје |



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов 66. 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

## 4. Финансиски податоци и финансиска состојба на Друштвото

| | |
|---|---|
| Цена на обичните акции (30.06.2009) | |
| - највисока | 360,00 денари |
| - најниска | 351,00 денари |
| - последна цена | 351,00 денари |
| Цена на приоритетните акции | / |
| Пазарна капитализација (вредноста е пресметана со множење на вкупниот број на издадени обични акции со последната поединечна цена на обичните акции постигната на берзата на последниот ден за периодот за кој се известува) | 33.639 милиони денари |
| Подетално образложение за работењето на Друштвото со кое се ажурираат податоците објавени во претходниот годишен извештај | Образложението за работењето е дадено во прилог. |

Македонски Телеком АД Скопје
Орце Николов бб. 1000 Скопје

До: Комисија за хартии од вредност на РМ
Ул . Димитрија Чуповски бр 26 1000 Скопје

Датум: 14.08.2009

Предмет: Образложение за работењето на Македонски Телеком АД - Скопје за периодот од 01.01.2009 до 30.06.2009

Подолу дадената анализа се однесува на консолидираните неревидирани финансиски извештаи на Групацијата на Македонски Телеком АД - Скопје, која ги вклучува Македонски Телеком АД – Скопје, Т-Мобиле Македонија АД - Скопје и фондацијата е-Македонија – Скопје.

Во текот на првото полугодие од 2009 година, приходите останувaaт на стабилно ниво при што се бележи благ пад во споредба со истиот период од минатата година.

Приходите од мобилната телефонија се во континуиран пораст бидејќи Т-Мобиле Македонија и покрај конкуренцијата бележи пораст на бројот на претплатниците. Приходите од фиксните телекомуникациски услуги бележат пад споредено со истиот период минатата година. Интернет приходите и понатаму бележат континуиран пораст како резултат на продолжување на трендот на пораст на бројот на АДСЛ интернет претплатници. Исто така, Македонски Телеком АД Скопје во првото полугодие од 2009 бележи приходи кои се остварени од продажба на новата услуга за дигитална телевизија преку интернет протокол (``IPTV``). Приходите од закуп на линии во фиксните телекомуникациски услуги исто така бележат пораст. Приходот од продажба на странски пазар е намален како резултат на намалениот дојдовен меѓународен сообраќај.

На страната на трошоците забележуваме благ пораст на трошоците за продажба на опрема. Трошоците за амортизација се стабилни во споредба со истиот период минатата година. Трошоците за вработени се намалени во споредба со првото полугодие од минатата година. Трошоците за резервирањата бележат пад поради значително намалените потребни резервирања во тековната година. Останатите трошоци бележат пад како резултат на намалување на негативните курсни разлики во однос на истиот период од минатата година.

*На 13 февруари 2006 година, Magyar Telekom Plc., мнозински сопственик на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото) (преку Каменимост Комуникации АД – Скопје (во ликвидација), мнозински акционер на Друштвото), објави дека врши истрага на одредени договори склучени од страна на подружница на Magyar Telekom Plc. со цел да утврди дали истите биле склучени спротивно на политиката на Magyar Telekom Plc. или важечките закони или прописи. Последователно на ова, на 19 февруари 2007 година Одборот на директори на Друштвото, врз основа на препораката на Одборот за ревизија на Друштвото и Одборот за ревизија на Magyar Telekom Plc. донесе одлука да се спроведе независна интерна истрага во однос на овие договори. Оваа истрага која ја врши независна правна фирма и која е под надзор на Одборот за ревизија на Magyar Telekom Plc, е сеуште во тек.*

*Magyar Telekom Plc.веќе спроведе одредени дополнителни мерки кои имаат за цел да ги подобрат контролните процедури на Magyar Telekom Group во поглед на склучувањето на консултантски договори, вклучувајќи и воведување на нов модел на управување.*



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов бб. 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

*Како резултат на доцнењето во финализирањето на финансиските извештаи за 2005 и 2006 година поради истрагата, Друштвото не успеа да запази одредени крајни рокови пропишани од Република Македонија и други применливи закони и прописи за подготовка и поднесување на ревидираните годишни извештаи и одржување на годишни собранија на акционери.*

*Во мај 2008 White & Case LLP. стручен советник во независната истрага на Одборот на ревизија на Magyar Telekom Plc., достави до Magyar Telekom Plc. "Извештај за статусот за македонскиот дел од независната истрага". Во статусниот извештај White & Case LLP. покрај другите работи, назначија дека: "постојат потврдни докази за нелигитимност во склучувањето и/или извршувањето на шест договори за советување, маркетинг, финансиски анализи при набавки и/или услуги за лобирање во Македонија склучени во периодот помеѓу 2004 и 2006 година помеѓу Magyar Telekom Plc. и/или различни нејзини подружници од една страна и кипарска консултанска компанија и/или нејзините подружници од друга страна, по кој основ Magyar Telekom Plc. и/или нејзините подружници платиле во вкупен износ повеке од ЕУР 6,7 милиони.*

*Врз основа на информации од White & Case дадени на Magyar Telekom имаме сознанија дека со интерната независна истрага се идентификувани неколку договори (вклучувајќи ги и шесте договори со кипарската консултанска компанија и/или нејзините подружници наведени во јавната објава од 21 мај 2008 година) поврзани со деловното работење на Magyar Telekom Group во Македонија, за кои White & Case мисли дека се сомнителни и вредни за понатамошна истрага. Последниот од овие сомнителни договори е со датум 1 март 2006 година. White & Case најавија дека ќе ги информираат Одборот за ревизија на Magyar Telekom, менаџментот на Magyar Telekom и ревизорите на Magyar Telekom за релевантни информации и/или заклучоци поврзани со овие договори. (Одборот на директори на Magyar Telekom го овласти White & Case за давање на обелоденувања за сите прашања покренати од ревизорите до Securities and Exchange Commission (SEC) и Department of Justice (DOJ) и Magyar Telekom беше информиран дека White & Case неколку пати се сретнале со SEC и DOJ и разговарале за истрагата).*

*Независната истрага продолжува. Друштвото не може да предвиди кога независната истрага ќе заврши, кој би бил финалниот резултат од истрагата или дали истата би имала влијание и какво, на финансиските извештаи на Друштвото или на резултатот од работењето.*

*Во мај 2008 година, Министерството за внатрешни работи (МВР) на РМ достави до Друштвото официјално писмено барање за информации и документација за одредени плаќања за консултантски услуги и авансна дивиденда, како и одредени набавки и договори. Во јуни 2008 година Друштвото достави копии од бараната документација.*

*Во октомври 2008 година истражниот судија од Основен Суд Скопје 1 – Скопје (кривичен суд) издаде официјален писмен налог до Друштвото за предавање на одредена оригинална документација. Подоцна во октомври 2008 година, Друштвото официјално ја предаде бараната документација. Дополнителни писмени барања беа доставени од МВР и Друштвото ја обезбеди бараната документација.*

*Врз основа на јавни информации достапни од 10 декември 2008 година имаме сознанија дека Оделот за Организиран Криминал при МВР ги предал досиеата на канцеларијата на Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција со предлог да се покрене кривична постапка против Attila Szendrei (поранешен Главен извршен директор на Македонски Телеком АД - Скопје), Rolf Plath (поранешен Главен финансов директор на*



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

*Македонски Телеком АД - Скопје), Mihail Kefaloyannis (поранешен член на Одборот на директори во Каменимост и поранешен член на одборот на директори во Телемакедонија) и Zoltan Kisjuhász (поранешен Главен извршен директор на Каменимост и поранешен неизвршен член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје) врз основа на основано сомневање за извршени криминални активности. Предлогот е овие лица да бидат обвинети за злоупотреба на службената должност и овластувања на нивните позиции во Македонски Телеком АД - Скопје поради склучување на договори за консултантски услуги за кои немало намера или потреба за добивање на договорената услуга.*

*Кривичниот оддел при Основниот Суд Скопје 1 во Скопје достави покана до Друштвото во врска со кривичната постапка против погоре наведените лица и побара изјава дали Друштвото има претрпено било каква штета врз осонова на споменатите договори за консултантски услуги.*

*По неколку одложувања на судските рочишта поврзани со истражната постапка што се води во Основен Суд Скопје 1 Скопје, на рочиштето одржано на 13ти април 2009 година, претставниците на Македонски Телеком АД Скопје го искажаа ставот на Друштвото дека, со оглед на тековната внатрешна истрага што се врши од страна на White & Case, одобрена од ОД на Друштвото, беше прерано да се истакнат евентуалните штети што можеби се предизвикани со имплементацијата на наведените договори или во врска со истите. По завршувањето на независната внатрешна истрага, Друштвото ќе го извести судот за својата конечна позиција во однос на евентуалната штета и кривичното гонење на обвинетите лица. Од 13ти април 2009 година до датумот на изготвување на полугодишните извештаи за 2009 година, не е остварена било каква комуникација со Друштвото од страна на Основниот Суд Скопје 1 Скопје.*

*Немаме сознанија за било какви информации како резултат на барања од било кое регулаторно тело или други надворешни страни, од кои би можеле да заклучиме дека финансиските извештаи може да бидат неточни, вклучувајќи го и ефектот од можни незаконски дејства.*

Николај Бекерс
Главен извршен директор



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

Македонски Телеком АД Скопје
Орце Николов бб. 1000 Скопје

## КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА УСПЕХ СПОРЕД МСФИ (ПО ПРИРОДА НА ТРОШОЦИ)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Друштво** | Македонски Телеком АД Скопје | | |
| **Период на известување** | 01.01.2009 - 30.06.2009 година | **Матичен број** | 5168660 |

(во илјади денари)

| Р.Б. | Позиција | 01.01.2008 - 30.06.2008 | 01.01.2009 - 30.06.2009 | Индекси |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ** | **9,438,766** | **9,053,722** | (4%) |
| 2 | Приходи од продажба | 8,967,536 | 8,825,889 | (2%) |
| 2а | Приходи од продажба на домашен пазар | 8,287,994 | 8,217,611 | (1%) |
| 2б | Приходи од продажба на странски пазар | 679,542 | 608,278 | (10%) |
| 3 | Промени на залихите на готови производи и производство во тек | - | - | - |
| 4 | Останати оперативни приходи | 471,230 | 227,833 | (52%) |
| 5 | **ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | **(6,254,631)** | **(5,482,465)** | (12%) |
| 6 | Набавна вредност на трговски стоки | (704,234) | (743,780) | 6% |
| 7 | Потрошени материјали, ситен инвентар и услуги | (2,431,168) | (2,314,444) | (5%) |
| 7а | Потрошени материјали и ситен инвентар | (41,638) | (44,461) | 7% |
| 7б | Услуги | (2,389,530) | (2,269,983) | (5%) |
| 8 | Промени на залихите на готови производи и производство во тек | - | - | - |
| 9 | Трошоци за вработените | (1,161,860) | (770,152) | (34%) |
| 10 | Амортизација, оштетување на средства и резервирања | (1,515,195) | (1,442,998) | (5%) |
| 10а | Амортизација | (1,444,717) | (1,442,159) | (0%) |
| 10б | Нето загуби поради оштетување на средства | (545) | (433) | (21%) |
| 10в | Резервирања за трошоци и ризици | (69,933) | (406) | (99%) |
| 11 | Останати оперативни расходи | (442,174) | (211,091) | (52%) |
| 12 | **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА** | **3,184,135** | **3,571,257** | 12% |
| 13 | Финансиски приходи | 3,136 | 3,129 | (0%) |
| 14 | Приходи од вложувања, заеми и камати и курсни разлики | 303,995 | 238,686 | (21%) |
| 15 | Останати приходи од финансирање | - | - | - |
| 16 | Финансиски расходи | (659) | (56) | (92%) |
| 17 | Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | (14,025) | 46,678 | (433%) |
| 18 | Останати расходи од финансирање | - | - | - |
| 19 | **Добивка од редовно работење пред оданочување** | **3,476,582** | **3,859,694** | 11% |
| 20 | Данок од добивка | (442,261) | 23,730 | (105%) |
| 21 | **Нето добивка по оданочување** | **3,034,321** | **3,883,424** | 28% |
| 22 | **Малцински интерес** | - | - | - |
| 23 | **Нето добивка за финансиската година** | **3,034,321** | **3,883,424** | 28% |

Николај Бекерс
Главен извршен директор



Македонски Телеком АД Скопје
Адреса Орце Николов бб, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

Македонски Телеком АД Скопје
Орце Николов бб. 1000 Скопје

## АНАЛИЗА НА КОНСОЛИДИРАНАТА ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА СПОРЕД МСФИ (ПО ПРИРОДАТА НА ТРОШОЦИТЕ)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Друштво** | Македонски Телеком АД Скопје | | |
| **Период на известување** | 01.01.2009 - 30.06.2009 година | **Матичен број** | 5168660 |

**(во илјади денари)**

| Р.Б. | Позиција | 01.01.2008 - 30.06.2008 | 01.01.2009 - 30.06.2009 | Индекси |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од продажба | 8,967,536 | 8,825,889 | (2%) |
| 2 | Останати оперативни приходи | 471,230 | 227,833 | (52%) |
| 3 | Набавна вредност на продадените стоки и услуги | (704,234) | (743,780) | 6% |
| 4 | Промени на залихите на готови производи и производство во тек | - | - | - |
| 5 | Потрошени суровини, материјали и ситен инвентар | (41,638) | (44,461) | 7% |
| 6 | Исправка на вредноста | (131,994) | (131,429) | (0%) |
| 7 | Трошоци за вработените | (1,161,860) | (770,152) | (34%) |
| 8 | Трошоци за продажба | (1,649,760) | (1,569,982) | (5%) |
| 9 | Трошоци за услуги од други | (2,254,420) | (2,142,566) | (5%) |
| 10 | Останати оперативни расходи | (310,725) | (80,095) | (74%) |
| 11 | **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА** | **3,184,135** | **3,571,257** | **12%** |

Никола Бекерс
Главен извршен директор

Македонски Телеком



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов бб. 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

Македонски Телеком АД Скопје
Орце Николов 66, 1000 Скопје

## КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА СОСТОЈБА СПОРЕД МСФИ

| Друштво | Македонски Телеком АД Скопје | | |
|---|---|---|---|
| Период на известување | 30.06.2009 година | Матичен број | 5168660 |

(во илјади денари)

| Позиција | 31.12.2008 | 30.06.2009 | Индекси |
|---|---|---|---|
| СРЕДСТВА | | | |
| **ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА** | **17,047,019** | **16,656,669** | (2%) |
| Нематеријални средства | 2,863,125 | 2,831,405 | (1%) |
| Недвижности, постројки и опрема | 14,022,635 | 13,659,488 | (3%) |
| Вложувања во подружници | - | - | - |
| Вложувања во придружени претпријатија | - | - | - |
| Вложувања во хартии од вредност | 62,067 | 57,043 | (8%) |
| Останати материјални средства | - | - | - |
| Останати долгорочни побарувања | 99,192 | 108,733 | 10% |
| Одложено даночно средство | - | - | - |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **14,335,676** | **11,877,888** | (17%) |
| Залихи | 279,943 | 554,160 | 98% |
| Побарувања од купувачите | 2,705,599 | 3,134,512 | 16% |
| Останати побарувања | 292,400 | 392,385 | 34% |
| Краткорочни вложувања | 10,928,363 | 7,688,285 | (30%) |
| Пари и парични еквиваленти | 129,371 | 108,546 | (16%) |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **31,382,695** | **28,534,557** | (9%) |
| ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - АКТИВА | - | - | - |
| | | | |
| КАПИТАЛ И ОБВРСКИ | | | |
| **КАПИТАЛ** | **26,430,520** | **24,153,224** | (9%) |
| Акционерски капитал | 6,281,042 | 6,281,042 | 0% |
| Резерви | 2,475,068 | 2,475,068 | 0% |
| Акумулирана добивка (загуба) | 17,674,410 | 15,397,114 | (13%) |
| Малцински удел | - | - | - |
| **ОБВРСКИ** | **4,952,175** | **4,381,333** | (12%) |
| **ТЕКОВНИ ОБВРСКИ** | **4,198,671** | **3,914,488** | (7%) |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 3,398,590 | 3,295,886 | (3%) |
| Обврски за краткорочни кредити | - | - | - |
| Краткорочни резервирања | 587,432 | 577,307 | (2%) |
| Обврски кон државата | 212,649 | 41,295 | (81%) |
| **ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ** | **753,504** | **466,845** | (38%) |
| Обврски за долгорочни кредити | - | - | - |
| Обврски кон добавувачи и останати долгорочни обврски | 47,835 | - | (100%) |
| Останати долгорочни резервирања | 705,669 | 466,845 | (34%) |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | **31,382,695** | **28,534,557** | (9%) |
| ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА-ПАСИВА | - | - | - |

Македонски Телеком АД за електронски комуникации Скопје

Николај Беекерс
Главен извршен директор



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

## КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ НА ПАРИЧНИ ТЕКОВИ СПОРЕД МСФИ

| Друштво | Македонски Телеком АД Скопје | | |
|---|---|---|---|
| Период на известување | 30.06.2009 година | Матичен број | 5168660 |

(во илјади денари)

| Позиција | 31.12.2008 | 30.06.2009 | Индекси |
|---|---|---|---|
| **А) Парични текови од оперативни активности** | **9,571,110** | **3,842,557** | **(60%)** |
| Нето добивка/загуба после оданочување | 6,253,536 | 3,883,424 | (38%) |
| *Прилагодување за:* | | | |
| Амортизација | 2,945,643 | 1,442,159 | (51%) |
| Оштетување на средства и резервирања | 47,390 | 5,992 | (87%) |
| Зголемување/намалување на залихи | 20,948 | (274,217) | (1,409%) |
| Зголемување/намалување на купувачите | 9,390 | (428,917) | (4,668%) |
| Зголемување/намалување на побарувања за аванси | (33,803) | 1,857 | (105%) |
| Зголемување/намалување на останати краткорочни побарувања | (56,134) | (23,654) | (58%) |
| Зголемување/намалување на АВР | 55,171 | (78,187) | (242%) |
| Зголемување/намалување обврски спрема добавувачите | 893,379 | (645,255) | (172%) |
| Зголемување/намалување обврски за примени аванси | (3,348) | 1,367 | (141%) |
| Зголемување/намалување на останати краткорочни обврски | (63,996) | 169,387 | (365%) |
| Зголемување/намалување на ПВР | 1,161 | 302,967 | 25,986% |
| Расходи/приходи од камати | (630,575) | (238,630) | (62%) |
| Исплатени/наплатени дивиденди | (3,144) | (3,113) | (1%) |
| Расходи за платен данок | (1,107,553) | (195,458) | (82%) |
| Капитална добивка/загуба од продажба на основни средства | (18,706) | (11,810) | (37%) |
| Капитална добивка/загуба од продажба на вложувања | - | - | - |
| Останати парични приливи и одливи од оперативни активности | 1,261,751 | (65,355) | (105%) |
| **Б) Парични текови од инвестициони активности** | **55,825** | **2,297,338** | **4,016%** |
| Набавки на недвижности, постројки и опрема, нематеријални средства и сл. | (3,811,902) | (1,188,304) | (69%) |
| Продажба на недвижности, постројки и опрема, нематеријални средства и сл. | 270,947 | 13,358 | (95%) |
| Парични приливи од продажба на сопственички или должнички хартии од вредност на други правни лица и учество во заеднички вложувања | - | - | - |
| Парични исплати за стекнување на сопственички или должнички хартии од вредност на други правни лица и учество во заеднички вложувања | - | - | - |
| Парични аванси и заеми дадени на други лица (освен оние од финансиски институции) | - | - | - |
| Парични приливи од наплата на дадени аванси и заеми на други лица (освен оние од финансиски институции) | 4,973 | (9,397) | (289%) |
| Приливи/ одливи од камати | 571,953 | 260,621 | (54%) |
| Приливи/ одливи од дивиденди | 3,144 | 3,113 | (1%) |
| Останати парични приливи и одливи од инвестициони активности | 3,016,710 | 3,217,947 | 7% |



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

## КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ НА ПАРИЧНИ ТЕКОВИ СПОРЕД МСФИ (ПРОДОЛЖУВА)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Друштво** | Македонски Телеком АД Скопје | | |
| **Период на известување** | 30.06.2009 година | **Матичен број** | 5168660 |

**(во илјади денари)**

| **Позиција** | **31.12.2008** | **30.06.2009** | **Индекси** |
|---|---|---|---|
| **В) Парични текови од финансиски активности** | **(9,783,075)** | **(6,160,720)** | **(37%)** |
| Парични приливи од зголемување на капиталот преку издавање на акции или други сопственички хартии од вредност | - | - | - |
| Парични исплати за враќање на заеми | - | - | - |
| Парични приливи од издадени должнички хартии од вредност и останати земени краткорочни и долгорочни кредити и заеми | - | - | - |
| Стекнување на малцински интереси | - | - | - |
| Исплатена дивиденда | (9,783,075) | (6,160,720) | (37%) |
| Откуп / продажба на сопствени акции | - | - | - |
| Парични исплати за намалување на обврските по основ на финансиски лизинг | - | - | - |
| **Зголемување/намалување на паричните средства** | **(156,140)** | **(20,825)** | **(87%)** |
| **Парични средства на почеток на годината** | 285,511 | 129,371 | (55%) |
| **Г) Парични средства на крајот на годината** | **129,371** | **108,546** | **(16%)** |

Никола Бекерс
Главен извршен директор

Македонски Телеком АД за електронски комуникации - Скопје



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

## КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО КАПИТАЛОТ СПОРЕД МСФИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Друштво** | Македонски Телеком АД Скопје | | |
| **Период на известување** | 30.06.2009 година | **Матичен број** | 5168660 |

**(во илјади денари)**

| Промени | Капитал на акционери | | | | Малцински интерес | Вкупно капитал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Акционерски капитал | Премии на издадени акции | Резерви | Акумулирана добивка (загуба) | | |
| **Состојба на 1 јануари претходната година** | 5,740,383 | 540,659 | 2,475,068 | 21,203,945 | - | 29,960,055 |
| Уплата на акции | - | - | - | - | - | - |
| Откупени сопствени акции | - | - | - | - | - | - |
| Продадени сопствени акции | - | - | - | - | - | - |
| Конверзија на хартии од вредност | - | - | - | - | - | - |
| Добивка (загуба) за финансиската година | - | - | - | 6,253,536 | - | 6,253,536 |
| Распределба на добивката во корист на резервите | - | - | - | - | - | - |
| Распределба на добивката за дивиденди и останати надоместоци за акционерите | - | - | - | (9,783,071) | - | (9,783,071) |
| Распределба на добивката за награди и користи за вработените | - | - | - | - | - | - |
| Останати резерви на банката | - | - | - | - | - | - |
| Процена на материјални средства | - | - | - | - | - | - |
| Усогласување на вложувањата расположливи за продажба до нивна објективна вредност | - | - | - | - | - | - |
| Реализирана капитална добивка од продажба на хартии од вредност | - | - | - | - | - | - |
| Евидентирање на загуби од подружници од претходните години по методот на главнина | - | - | - | - | - | - |
| Малцински интерес | - | - | - | - | - | - |
| Одложени даноци | - | - | - | - | - | - |
| Признаени приходи и расходи, нето | - | - | - | - | - | - |
| Курсни разлики | - | - | - | - | - | - |
| Останато зголемување/намалување на средства, нето | - | - | - | - | - | - |
| **Состојба на 31 декември претходната година** | 5,740,383 | 540,659 | 2,475,068 | 17,674,410 | - | 26,430,520 |
| Уплата на акции | - | - | - | - | - | - |
| Откупени сопствени акции | - | - | - | - | - | - |
| Продадени сопствени акции | - | - | - | - | - | - |
| Конверзија на хартии од вредност | - | - | - | - | - | - |
| Добивка (загуба) за финансиската година | - | - | - | 3,883,424 | - | 3,883,424 |
| Распределба на добивката во корист на резервите | - | - | - | - | - | - |
| Распределба на добивката за дивиденди и останати надоместоци за акционерите | - | - | - | (6,160,720) | - | (6,160,720) |
| Распределба на добивката за награди и користи за вработените | - | - | - | - | - | - |
| Останати резерви на банката | - | - | - | - | - | - |
| Процена на материјални средства | - | - | - | - | - | - |
| Усогласување на вложувањата расположливи за продажба до нивна објективна вредност | - | - | - | - | - | - |
| Реализирана капитална добивка од продажба на хартии од вредност | - | - | - | - | - | - |



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов бб. 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

Македонски Телеком АД Скопје
Орце Николов 66, 1000 Скопје

## КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО КАПИТАЛОТ СПОРЕД МСФИ (ПРОДОЛЖУВА)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Друштво** | Македонски Телеком АД Скопје | | |
| **Период на известување** | 30.06.2009 година | **Матичен број** | 5168660 |

**(во илјади денари)**

| Промени | Капитал на акционери | | | | Малцински интерес | Вкупно капитал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Акционерски капитал | Премии на издадени акции | Резерви | Акумулирана добивка (загуба) | | |
| Евидентирање на загуби од подружници од претходните години по методот на главнина | - | - | - | - | - | - |
| Малцински интерес | - | - | - | - | - | - |
| Одложени даноци | - | - | - | - | - | - |
| Признаени приходи и расходи, нето | - | - | - | - | - | - |
| Курсни разлики | - | - | - | - | - | - |
| Останато зголемување/намалување на средства, нето | - | - | - | - | - | - |
| **Состојба на 30 јуни во тековната година** | 5,740,383 | 540,659 | 2,475,068 | 15,397,114 | - | 24,153,224 |

Николај Беќерс
Главен извршен директор



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

Македонски Телеком АД - Скопје
Орце Николов 66, 1000 Скопје

До: Комисија за хартии од вредност на РМ
Ул . Димитрија Чуповски бр 26 1000 Скопје

Датум: 14.08.2009

# ИЗЈАВА

Во согласност со Законот за хартии од вредност на РМ како и подзаконската регулатива, јас Николај Бекерс на функција Главен извршен директор во Македонски Телеком АД - Скопје, потврдувам дека доставените полугодишни извештаи за 2009 година се точни и вистинити.

*На 13 февруари 2006 година, Magyar Telekom Plc., мнозински сопственик на Македонски Телеком АД - Скопје (Друштвото) (преку Каменимост Комуникации АД - Скопје (во ликвидација), мнозински акционер на Друштвото), објави дека врши истрага на одредени договори склучени од страна на подружница на Magyar Telekom Plc. со цел да утврди дали истите биле склучени спротивно на политиката на Magyar Telekom Plc. или важечките закони или прописи. Последователно на ова, на 19 февруари 2007 година Одборот на директори на Друштвото, врз основа на препораката на Одборот за ревизија на Друштвото и Одборот за ревизија на Magyar Telekom Plc. донесе одлука да се спроведе независна интерна истрага во однос на овие договори. Оваа истрага која ја врши независна правна фирма и која е под надзор на Одборот за ревизија на Magyar Telekom Plc, е сеуште во тек.*

*Magyar Telekom Plc.веќе спроведе одредени дополнителни мерки кои имаат за цел да ги подобрат контролните процедури на Magyar Telekom Group во поглед на склучувањето на консултантски договори, вклучувајќи и воведување на нов модел на управување.*

*Како резултат на доцнењето во финализирањето на финансиските извештаи за 2005 и 2006 година поради истрагата, Друштвото не успеа да запази одредени крајни рокови пропишани од Република Македонија и други применливи закони и прописи за подготовка и поднесување на ревидираните годишни извештаи и одржување на годишни собранија на акционери.*

*Во мај 2008 White & Case LLP. стручен советник во независната истрага на Одборот на ревизија на Magyar Telekom Plc., достави до Magyar Telekom Plc. "Извештај за статусот за македонскиот дел од независната истрага". Во статусниот извештај White & Case LLP. покрај другите работи, назначија дека: "постојат потврдни докази за нелигитимност во склучувањето и/или извршувањето на шест договори за советување, маркетинг, финансиски анализи при набавки и/или услуги за лобирање во Македонија склучени во периодот помеѓу 2004 и 2006 година помеѓу Magyar Telekom Plc. и/или различни нејзини подружници од една страна и кипарска консултанска компанија и/или нејзините подружници од друга страна, по кој основ Magyar Telekom Plc. и/или нејзините подружници платиле во вкупен износ повеке од ЕУР 6,7 милиони.*

*Врз основа на информации од White & Case дадени на Magyar Telekom имаме сознанија дека со интерната независна истрага се идентификувани неколку договори (вклучувајќи ги и шесте договори со кипарската консултанска компанија и/или нејзините подружници наведени во јавната објава од 21 мај 2008 година) поврзани со деловното работење на*

Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

*Magyar Telekom Group во Македонија, за кои White & Case мисли дека се сомнителни и вредни за понатамошна истрага. Последниот од овие сомнителни договори е со датум 1 март 2006 година. White & Case најавија дека ќе ги информираат Одборот за ревизија на Magyar Telekom, менаџментот на Magyar Telekom и ревизорите на Magyar Telekom за релевантни информации и/или заклучоци поврзани со овие договори. (Одборот на директори на Magyar Telekom го овласти White & Case за давање на обелоденувања за сите прашања покренати од ревизорите до Securities and Exchange Commission (SEC) и Department of Justice (DOJ) и Magyar Telekom беше информиран дека White & Case неколку пати се сретнале со SEC и DOJ и разговарале за истрагата).*

*Независната истрага продолжува. Друштвото не може да предвиди кога независната истрага ќе заврши, кој би бил финалниот резултат од истрагата или дали истата би имала влијание и какво, на финансиските извештаи на Друштвото или на резултатот од работењето.*

*Во мај 2008 година, Министерството за внатрешни работи (МВР) на РМ достави до Друштвото официјално писмено барање за информации и документација за одредени плаќања за консултантски услуги и авансна дивиденда, како и одредени набавки и договори. Во јуни 2008 година Друштвото достави копии од бараната документација.*

*Во октомври 2008 година истражниот судија од Основен Суд Скопје 1 – Скопје (кривичен суд) издаде офцијален писмен налог до Друштвото за предавање на одредена оригинална документација. Подоцна во октомври 2008 година, Друштвото официјално ја предаде бараната документација. Дополнителни писмени барања беа доставени од МВР и Друштвото ја обезбеди бараната документација.*

*Врз основа на јавни информации достапни од 10 декември 2008 година имаме сознанија дека Оделот за Организиран Криминал при МВР ги предал досиеата на канцеларијата на Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција со предлог да се покрене кривична постапка против Attila Szendrei (поранешен Главен извршен директор на Македонски Телеком АД - Скопје), Rolf Plath (поранешен Главен финансов директор на Македонски Телеком АД - Скопје), Mihail Kefaloyannis (поранешен член на Одборот на директори во Каменимост и поранешен член на одборот на директори во Телемакедонија) и Zoltan Kisjuhász (поранешен Главен извршен директор на Каменимост и поранешен неизвршен член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје) врз основа на основано сомневање за извршени криминални активности. Предлогот е овие лица да бидат обвинети за злоупотреба на службената должност и овластувања на нивните позиции во Македонски Телеком АД - Скопје поради склучување на договори за консултантски услуги за кои немало намера или потреба за добивање на договорената услуга.*

*Кривичниот оддел при Основниот Суд Скопје 1 во Скопје достави покана до Друштвото во врска со кривичната постапка против погоре наведените лица и побара изјава дали Друштвото има претрпено било каква штета врз осонова на споменатите договори за консултантски услуги.*

*По неколку одложувања на судските рочишта поврзани со истражната постапка што се води во Основен Суд Скопје 1 Скопје, на рочиштето одржано на 13ти април 2009 година, претставниците на Македонски Телеком АД Скопје го искажаа ставот на Друштвото дека, со оглед на тековната внатрешна истрага што се врши од страна на White & Case, одобрена од ОД на Друштвото, беше прерано да се истакнат евентуалните штети што*

*можеби се предизвикани со имплементацијата на наведените договори или во врска со истите. По завршувањето на независната внатрешна истрага, Друштвото ќе го извести судот за својата конечна позиција во однос на евентуалната штета и кривичното гонење на обвинетите лица. Од 13ти април 2009 година до датумот на изготвување на полугодишните извештаи за 2009 година, не е остварена било каква комуникација со Друштвото од страна на Основниот Суд Скопје 1 Скопје.*

*Немаме сознанија за било какви информации како резултат на барања од било кое регулаторно тело или други надворешни страни, од кои би можеле да заклучиме дека финансиските извештаи може да бидат неточни, вклучувајќи го и ефектот од можни незаконски дејства.*

Николај Беерс
Главен извршен директор

Македонски Телеком
за електронски комуникации - Скопје



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660